*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk


**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4812/**

# З А П И С Н И К

**Од 191.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 15.07.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** Косана Мазнева Николиќ и д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** / |

***191.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на записникот 190.седница на Програмски совет на МРТ.

**2.**Предлог за престанок на мандат на членот на Програмскиот совет на МРТ – Косана Николиќ Мазнева.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 190.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 190.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 190.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**ТОЧКА2: Предлог за престанок на мандат на членот на Програмскиот совет на МРТ – Косана Николиќ Мазнева.**

По однос на оваа точка Претседателката на Програмскиот совет, Смилка Јанеска Саркањац, ги информираше членовите на Програмскиот совет на МРТ дека пистигнато е известување од страна на членот на Програмскиот совет, Косана Николиќ Мазнева, со кое го информира Програмскиот совет на МРТ дека со нејзиното назначување на директорката позиција на ЈП Комунална хигиена Скопје исполнети се условите од членот 119 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно за неспоивост на функции, со што во согласност со членот 120 став 2 Програмскиот совет на МРТ треба да достави предлог до Собранието на РС Македонија за престанок на мандатот на членот на Програмскиот совет – Косана Николиќ Мазнева.

Програмскиот совет на МРТ на 191-та седница одржана на 15.07.2022 година донесе:

**П Р Е Д Л О Г**
за престанок на мандат на член на Програмски совет на МРТ

По добиеното Известување бр.03-4798/2 од 13.07.2022 година од страна на членот на Програмскиот совет на МРТ, **Косана Николиќ - Мазнева**, Програмскиот совет на МРТ донесе Предлог за престанок на мандатот на членот на Програмскиот совет на МРТ - Косана Николиќ Мазнева, поради тоа што се исполнети условите од членот 120 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Седницата заврши во 11:55 часот.

Записничар
И.Тримчески

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател